Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 21.05.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2954 | 1 | |

**ИЗВЕШТАЈ**
**од контролниот надзор на програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 7 мај 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

**1. Член 92 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 40% од дневно емитуваната вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 5-та седница одржана на 29.01.2014 година, во врска со предложениот Извештај од вонредниот надзор на програмскиот сервис на **Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје**, емитуван на 10 јануари 2014 година, донесе заклучок со којшто го задолжи Секторот за програмски работи, по истекот на рокот од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на поединечниот акт (решението), да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

***Констатации:***

Со контролниот надзор е утврдено дека Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, **во целост постапило по опомената**, односно не е констатирана повторно повреда на член 92 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот реализиран на 7 мај 2014 година, е констатирано дека Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје ја почитува законската обврска, најмалку 40% од дневно емитуваната вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик. Во анализираниот ден се емитувани вкупно 17 часа, 27 минути и 27 секунди вокално-инструментална музика, од кои **46.65% (8 часа, 8 минути и 39 секунди) е вокално-инструментална музика на македонски јазик.**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**